**„МАКПЕТРОЛ" А.Д. – СКОПЈЕ**
**НАДЗОРЕН ОДБОР**
**Бр. 0203-37/1**
**22.10.2019 год.**
**С к о п ј е**

Врз основа на членовите 455 и 456 од Законот за трговските друштва и членот 67 од Статутот на „Макпетрол" А.Д. – Скопје, а во врска со Одлуките бр.0202-35/28-1, бр.0202-35/28-2, Заклучокот бр.0202-35/28-3 и Одлуката бр.0202-35/28-4, сите од 21.10.2019 година, донесени од Управниот одбор на Макпетрол АД Скопје, Надзорниот одбор на „Макпетрол" А.Д. – Скопје, на 38.седница, одржана на 22.10.2019 година, донесе

# О Д Л У К А

за продажба на акцијата, сопственост на Макпетрол АД Скопје,
во ГА-МА АД Скопје
(голема зделка)

**Член 1**

Се одобрува продажба на акцијата, сопственост на Макпетрол АД Скопје, во ГА-МА АД Скопје, на Владата на Република Северна Македонија, по цена во износ од 32.773.905 евра, во денарска противвредност по средниот курс на еврото според курсната листа на НБРМ утврден на денот на пријавувањето на трансакцијата на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје.

Трансакцијата да се изврши преку Комерцијална банка АД Скопје-Дирекција за вршење на услуги со хартии од вредност.

Се овластува Претседателот Андреја Јосифовски да склучи Договор за купопродажба на акции со Владата на РС Македонија.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила веднаш.

**О б р а з л о ж е н и е**

По добиениот Извештај бр.0302-5326/1 од 10.10.2019 година, доставен од Комисијата во состав: Александар Спасовски, Саша Лекиќ и Ерол Хасан, Управниот одбор на Макпетрол АД Скопје донесе Одлука бр.0202-35/28-1 од 21.10.2019 година, за поднесување на барање за медијација пред Енергетската заедница, со цел за решавање на сопственоста на Макпетрол АД Скопје и Владата на РС Македонија во ГА-МА АД Скопје и донесе Одлука бр.0202-35/28-2 од 21.10.2019 година со која потврдува дека Макпетрол АД Скопје продолжува да ги врши енергетските дејности трговија со природен гас и снабдување со природен гас и е согласен и предлага да се изврши продажба на сопственоста, односно едната акција во ГА-МА АД Скопје на Владата на РС Македонија, по пазарна цена согласно извршена проценка од овластени проценители.

Од причина што продажбата на сопственоста, односно едната акција во ГА-МА АД Скопје претставува голема зделка, согласно членот 456 став 2 од Законот за трговските друштва, не се исполнети условите Управниот одбор да одлучува за истото, по што донесе Заклучок бр.0202-35/28-3 од 21.10.2019 година и му предложи на Надзорниот одбор да одлучува по предлогот за продажба на сопственоста, односно едната акција на Макпетрол АД Скопје во ГА-МА АД Скопје.

Надзорниот одбор го разгледа Заклучокот бр.0202-35/28-3 од 21.10.2019 година, како и сите материјали и одлуки доставени во прилог на Заклучокот, меѓу кои и проценката изготвена од Бирото за судски вештачења-Министерство за правда, па одлучи како во диспозитивот на одлуката.

НАДЗОРЕН ОДБОР
Претседател,

Александар Спасовски

ЧЛЕНОВИ:

1. Звонко Трифунов ______________

2.Дејан Левески ______________

3.Филип Чадиковски ______________

Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати "МАКПЕТРОЛ" СКОПЈЕ 10